МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

ТЕХНОЛОГИЈА НА КОНФЕКЦИОНИРАЊЕ

III ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО - КОЖАРСКА СТРУКА

Конфекциски техничар

Скопје, 2007 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: ТЕХНОЛОГИЈА НА КОНФЕКЦИОНИРАЊЕ

1.2. Образовен профил и струка
1.2.1. Образовен профил: конфекциски техничар
1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет
1.3.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет
1.4.1. Трета

1.5. Број на часови на наставниот предмет
1.5.1. Број на часови неделно: 4 часа
1.5.2. Број на часови годишно: 144 часа

1.6. Статус на наставниот предмет
1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***технологија на конфекционирање*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја разбира важноста на оперативната подготовка во индустријата за изработка на облека;
- да ги идентификува специјалните машини за шиење;
- да го приспособува убодот од специјалните машини според ткаенината;
- да ја познава конструкцијата и примената на шивачките автомати и агрегати;
- да избира средства за изработка на анализирана облека;
- да чита и следи подготвени работни налози;
- да изработува планови за технолошки процес на една производна единица;
- да прифаќа одговорност за своето однесување;
- да се вклучува во тимска работа.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на целите по предметот ***технологија на конфекционирање*** потребни се претходни знаења
од наставните предмети: текстилно-кожарски суровини од I и II година, конструкција и моделирање на облека од II година, практична настава од II година.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. Структурирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр. на ча-сови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ОПЕРАТИВНА ПОДГОТОВКА	**28**	***Ученикот:*** - да го познава планирањето во производството (дневно и сезонско); - да прави пресметки за утврдување на производствени капацитети; - да го познава значењето на терминирањето на производството; - да го објаснува начинот на составување на технички податоци за калулација; - да го планира материјалот за набавка; - да изработи и лансира работни налози; - да врши планирање на материјалот за кроење; - да го следи производството (по фази, производствени единици и	- Укажување на важноста на планирањето; - покажување на начинот на правење на пресметка за утврдување на производствените капацитети преку примери; - објаснување на значењето на терминирањето на производството; - покажување начини за добивање на техничките податоци за калкулација; - објаснување на планирањето на материјалот за набавка; - покажување начин на изработка на работни налози; - објаснување на начините на планирање на материјалот за кроење; - укажува на важноста на	

		целокупното производство).	следењето на производството; - демонстрирање изработени работни налози со технолошки податоци и калкулации.	
2. СПЕЦИЈАЛНИ МАШИНИ ЗА ШИЕЊЕ	**16**	- Да ги набројува специјалните машини за шиење; - да ги разликува убодите на специјалните машини за шиење; - да ја опишува конструкцијата на секоја специјална машина за шиење; - да ја објаснува функцијата и начинот на управување на секоја од специјалните машини за шиење; - да ги познава сигурносните мерки при работа со специјалните машини за шиење; - да ги идентификува деловите на машините на дадена шема.	- Споредување на обичната машина за шиење и специјалните машини за шиење; - класификација на специјалните машини за шиење; - презентирање на конструкцијата и функцијата на секоја специјална машина за шиење (двоиглена машина со зрнест убод, специјална машина со синџирест убод, цик-цак машина, машина за вшивање ракави, машина за порабување, машина за фирцање (привремен шев), машина со рабен убод со повеќе конци, машина со чиниест транспорт, машина за составување на плетени материјали, машина за заварување, ултразвучни шивачки машини); - шематско прикажување на деловите на секоја специјална машина за шиење.	

3. ШИВАЧКИ АВТОМАТИ И АГРЕГАТИ	**12**	- Да ги класифицира шивачките автомати; - да ја опишува конструкцијата на секој автомат и агрегат; - да ја објаснува функцијата на секој автомат и агрегат; - да ги покажува деловите на шивачките автомати на слики и /или шеми; - да прави разлика меѓу шивачки автомат и шивачки агрегат.	- Класификација на шивачките автомати (краткошевни и долгошевни шивачки автомати и шивачки агрегати; - покажување на конструкцијата и функцијата на секој од: краткошевните шивачки автомати (изработка на зацврстен бод-ринглица, за изработка на разни илици и за нашивање петлици-копчиња); долгошевните шивачки автомати (за шиење брусни и за шиење контури); шивачките агрегати (за шиење јаки, за нашивање џебови); шивачки трансфер патеки.	
4. ПЕГЛИ И ПРЕСИ ЗА МЕЃУФАЗНО ПЕГЛАЊЕ	**8**	- Да ги разликува рачните пегли и маси за пеглање од специјално обликуваните преси за меѓуфазно пеглање; - да ја опишува конструкцијата на пеглите и пресите; - да ја објаснува функцијата на пеглите и пресите.	- Дискусија во врска со примената на пеглите и пресите за меѓуфазно пеглање; - презентирање на конструкцијата и функцијата на пеглите и пресите за меѓуфазно пеглање; - покажување на примероци од разни пегли и преси.	

5. ТЕХНОЛОШКА ПОДГОТОВКА ВО ИНДУСТРИЈАТА ЗА ОБЛЕКА	**80**	- Даја познава важноста од анализа на облеката за изработка; - да избира средства за изработка на одредена облека; - да подготвува план на операциите за работа; - да користи монтажен план за изработка; - даја познава важноста на изборот на технолошкиот процес за одреден производ; - да учествува во изработката на планови за технолошкиот процес за одреден производ; - да ја познава важноста на оформувањето на работните места; - да чита работни налози; - да следи подготвени работни налози; - да изработува извештаи.	- Анализирање на облеката и изборот на средствата за работа; - изработка на оперативен и монтажен план; - дискусија за изборот на основните системи во технолошкиот процес (синџирест, фазен и комбиниран); - изработка на технолошки лист; - дискусија за факторите кои влијаат при оформување на работните места; - демонстрирање на подготвени работни налози; - изработка на извештаи.	

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставниот предмет ***технологија на конфекционирање*** наставникот применува современи интерактивни методи (стратегии) во зависност од тематската целина, односно наставната содржина. Овие методи (стратегии) се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови/тандем.

Во текот на наставата наставникот ги презема следниве активности: објаснува, демонстрира, црта, опишува, споредува, анализира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставата по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, самостојна анализа, прибележување, набљудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по наставниот предмет ***технологија на конфекционирање*** се реализира преку стручно-теоретска настава во специјализирана училница, односно кабинет-училница опремена со соодветните наставни средства. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите, кој е даден за одделните тематски целини во точка 4.1. од овој документ, опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување и утврдување посета на конфекциски погон на трговски друштва од текстилната дејност, саеми за текстил и мода.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите по наставниот предмет ***технологија на конфекционирање*** се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутер, визуелни уреди, CD и DVD со содржини од технологијата на конфекционирањето, модни списанија, мостри од разни видови ткаенини, плетенини, шеми, слики, каталози и други наставни средства предвидени според нормативот за наставни средства и помагала по технологија на конфекционирање за образовниот профил конфекциски техничар.

За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, Интернет, наставни материјали подготвени од страна на наставникот и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИКОТ

Оценувањето на постигањата на ученикот се врши преку следење и вреднување на стекнатите знаења континуирано во текот на целата учебна година, усно и преку тестови на знаења. Оценувањето се врши според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***технологија на конфекционирање*** треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е психофизички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, отворен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по ***технологија на конфекционирање*** ја реализираат кадри со завршени студии по:

- ***технологија - конфекциска насока;***
- ***технологија - текстилна насока;***

со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор за наставниот предмет

Наставата по наставниот предмет ***технологија на конфекционирана*** се реализира во специјализирана училница опремена според нормативот за простор и опрема за образовниот профил конфекциски техничар и во конфекциски погони на трговски друштва од текстилната дејност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: мај 2007 година

7.2. Состав на работната група:

1. Ратка Јаневска, раководител, Центар за струно образование и обука, советник - Скопје
2. Маре Рафајловска, наставник СУ ,,Ѓоце Стојчески" - Тетово
3. Соња Јордева, наставник СУ ,,Димитар Мирасчиев" - Штип
4. Венцислав Филипов, дипломиран текстилен инженер, менаџер, В.И.Т. Астибо конзорциум – Штип

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01. 09. 2007 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата по ***технологија на конфекционирање*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 11-4631/4 од 21.06 2007 година.